РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-175/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-1417/1 од 28.04.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско градење, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапуваат други надлежни органи.

Предметот со број 12-1417/1 од 28.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е оформен предмет број 12-1417/1 од 28.04.2025 година, по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско градење на метална гаража од страна на лицето ------------------------- на КП -------- КО --------, на ул. ------------------ бр.---- во ------------, која се граничи со станот на подносителот, а со кои дејствија се загрозува неговата безбедност.
Подносителот во пријавата наведува дека на ден 10.03.2023 година, преку Барање заведено со бр.ИП ----------, случајот го пријавил во Општина -------------- - Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат но, до поднесувањето на пријавата не е информиран за преземените мерки од страна на Општината.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, Државната Комисија достави барање за доставување на информација и прилог документација од извршениот инспекциски надзор, доколку е извршено во горенаведената локација и евентуалните

преземени мерки за конкретниот случај, а во врска со барањето на подносителот на пријавата од 10.03.2023 година.
Општина ------------ постапи по барањето на ДКСК и достави документација за извршен вонреден инспекциски надзор за кој е изготвен Записник со број ИП 1 бр ---------- од 01.03.2023 година.
ДКСК изврши увид во доставениот Записник за извршен инспекциски надзор и констатира дека Општина ------------ - Одделение за инспекциски надзор ги утврдил следните неправилности во субјектот на надзорот и ги преземал следните мерки:
- констатирана е изградба на бесправна градба - изградба на метална гаража без инвеститорот да поседува Одобрение за градење на ул. -----------------, бр.------, ------------;
- врз основа на констатираната состојба и членот 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење, општинскиот инспектор донел Решение за отстранување на градбата;
- во Општина ----------- во тек е постапката за избор на најповолна овластена фирма за административно отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на општината;
- Општина ------------ ја известува ДКСК дека според сознанијата со кои располагаат, од страна на МВР СВР ----------, поднесена е кривична пријава до Основното јавно обвинителство - -----------, против субјектот на инспекцискиот надзор, односно лицето --------------------.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај постапуваат други надлежни органи, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk